Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-325/7
28-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-325/1 од 19.04.2023 година поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] Скопје, против [redacted], со седиште на бул. [redacted] Скопје, застапувано од претседател [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија, бр. 258/2020), на 28 .07.2023 година го донесе следново:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на општествен статус во областа на членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на [redacted] застапувано од претседател [redacted] од Скопје, кон [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-325/1 од 19.04.2023 година, од подносителот [redacted] (во понатамошниот текст: Здружението), против [redacted] на Македонија, застапувано од претседател [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на општествен статус - место на живеење на членови на [redacted], во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Во поднесената претставка се наведува дека здружението е регистрирано при Централниот регистар на Република Северна Македонија како посебен правен субјект на 06.05.2022 година. Од неговото основање, Здружението организира голем број активности и настани, кои се финансирани од сопствени средства и сопствен придонес на пензионерите-членови на здружението на територија на Општина Чучер – Сандево.

Претставката е поднесена со цел да се реши проблемот на Здружението во врска со обезбедување на потребните средства за функционирање, односно за реализација на понатамошни активности, а во врска со член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување[1]. Имено, согласно постоечката законска и подзаконска регулатива, за дозначување на парични средства од членарина на пензионерите во здружение на пензионери, во пракса потребно е Здружението да биде членка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија (во понатамошниот текст: СЗПМ). Во врска со тоа, а заради остварување на своите права, Здружението се обратило со писмено барање бр,03-06/204 од 27.05.2022 година за прием на Здружението како членка на СЗПМ. Од моментот на поднесување на ова барање до поднесувањето на претставката од страна на СЗПМ, Здружението нема добиено писмен одговор по истото. При остварени лични средби во повеќе наврати, од страна на претседателката на СЗПМ, [redacted], претставниците на здружението добиле одговор дека истото не може да биде членка на СЗПМ бидејќи брои помалку од 2.000 пензионери. Поради наведеното паричните средства на околу 1.000 пензионери од територија на Општина Чучер – Сандево кои секој месец се издвојуваат од нивните пензии се дозначуваат на платежна сметка на [redacted]

На 26.04.2023 година, Комисијата испрати Барање за произнесување по наводи во претставка до [redacted] бр.08-325/2 и до Сојуз на [redacted] бр.08-325/3. Од страна на Здружение на пензионери на Општина Бутел, и покрај уредно доставеното Барање за произнесување, одговор по истото не е доставен до денот на изготвување на ова мислење.

Во Комисијата на 26.05.2023 година пристигна Произнесување по наводите од претставка од страна на СЗПМ. Во происнесувањето се отфрлаат сите наводи за извршена дискриминација. Се истакнува дека согласно Законот за здруженија и фондации[2] и Законот за пензиското и инвалидското осигурување, СЗПМ во својот Статут и други одлуки може да ги определува условите и критериумите за здружување на здруженија на пензионери во овој Сојуз, а во функција на успешно и целисходно остварување на целите и активностите утврдени во Статутот и другите акти на Сојузот и статутите на здруженијата на пензионери.
Врз основа на член 15 од Статутот на [redacted] на Македонија, Собранието на Сојузот на 10.07.2020 година донело Одлука за изменување и дополнување на Одлука за условите за прием на членство во СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионерите, заведена под број 02-01/100-8, со која во член 1 е уредено

---

[1] ("Службен весник на РМ", бр. 98/2012; 166/2012; 15/2013; 170/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 113/2014; 160/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 97/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 173/2015; 217/2015; 27/2016; 120/2016; 132/2016; 27/2018; 35/2018; 220/2018; 245/2018 и "Службен весник на РСМ", бр. 180/2019; 275/2019; 31/2020; 267/2020; 67/2022; 79/2023)
[2] ("Службен весник на РМ", бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и "Службен весник на РСМ", бр. 239/2022)

дека за прием во членство на СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионери во општина во која нема формирано здружение **бројот на членови треба да биде 2000**.
Во произнесувањето, потенцијалниот дискриминатор наведува дека со Законот за пензиското и инвалидското осигурување е уредено дека на корисник на пензија со негова согласност му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здруженија на пензионери. Висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата на посмртната помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртна помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот со располагање на слободните а неискористени средства со акт ги утврдува регистрираната организација на сојузите на здруженија на пензионерите. Регистриранaта организација е составена од 4 сојузи и тоа:

- Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија
- Национален сојуз на инвалиди на трудот на Македонија
- Сојуз на здруженија на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија и
- Сојуз на инвалидски пензионери на Македонија,

која одлучува за распределбата на средства и за висината на посмртната помош и за висината на членарината од вкупните средства собрани од членарината, уплатени од корисниците на пензија, а потоа врши дозначување на средствата од членарината преку стручната служба на СЗПМ до здруженијата на пензионери според бројот на членови. Понатаму секое здружение на пензионери и Сојузот самостојно одлучуваат за намената на средствата за остварување на статутарните цели и задачи.
Уплатата на членарина подразбира дека пензионерот може да го користи солидарниот фонд и други бенефиции во здруженијата на пензионери, и тоа користење на пензионерски клубови, партиципација за банско лекување, социјални пакети, екскурзии, јавен превоз, ортопедски помагала, огревно дрво, помош при нарушена здравствена состојба, спортски и културно забавни манифестации и друго.

Согласно горенаведеното, потенцијалниот дискриминатор тврди дека пензионерите здружени во [redacted] ги имаат истите права како и пензионерите во [redacted] и по основ на уплата на нивната членарина можат да ги користат сите права согласно Статутот и другите акти на здружението.

На 13.06.2023 година, од страна на Комисијата беше извршен увид во просториите на СЗПМ, кога како Доказ се прибрани Распоред на членарината на здруженијата на пензионерите членки на СЗПМ за месец Мај 2023 година и Распоред на Здруженија според број на членови. Согласно Записникот од извршен увид во СЗПМ бр.08-325/6, се констатира дека од прибавениот доказен материја е евидентно дека во СЗПМ има членки-здруженија кои имаат и помал број на членови (помалку од 2.000),

меѓутоа тие здруженија се примени пред донесување на горенаведената Одлука за измена и дополнување на Одлуката за условите за прием на членство во СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионерите, донесена во 2020 година, со која како услов за пристапување кон СЗПМ предвидено е здружението на пензионери да брои најмалку 2.000 членови. Последното здружение кое пристапило кон СЗПМ е здружението на пензионери од Вевчани од 2016 или 2017 година, а со вкупен број на членови од 396 пензионери.

Според член 20 од Уставот на Република Северна Македонија *„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат...."*

Во член 3 став (1) точка 1 од Закон за здруженија и фондации е дефинирано дека *„Организација" е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно со одредбите од законот.* Во член 10 од законот се предвидува дека *организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.* , а во член 15 е јасно уредено дека *здружение можат да основаат физички и правни лица. Здружение можат да основаат најмалку пет основачи од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Македонија.*

Согласно член 115 од Закон за пензиското и иналидското осигурување, *на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина).* Во член 116 став (1) е уредено дека *издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.* Во став (2) од истиот член се уредува дека *висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.* Став (4) од истиот член предвидува дека *средствата по основ на членарина Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги дозначува на сметката што ја определува регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.* Член 117 став (1) од истиот закон предвидува дека

*исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици.*

Согласно член 4 од Статутот на СЗПМ *Во Сојузот може да се здружуваат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија кои се регистрирани во Централниот регистар и го прифаќаат Статутот и другите акти на Сојузот и ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Сојузот.* Во член 15 како една од надлежностите на Собранието на СЗПМ, предвидено е *одлучување за здружување и раздружување на здруженијата во Сојузот.*

Согласно сето погореизнесено, односно врз основа на утврдената фактичка состојба констатирана од наводите во претставката, произнесувањето по истата и дополнително прибавените докази врз основа на извршен увид, Комисијата констатира дека спрема [redacted] е сторена директна дискриминација по основ на општетсвен статус (место на живеење на членови на здружение) во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на [redacted] на Македонија, претставувано од претседател [redacted] од Скопје. Имено, СЗПМ со донесената Одлука за изменување и дополнување на Одлука за услови за прием на членство во СЗПМ, број 02-01/100-8 од 10.07.2020 година, на новоосновани здруженија на пензионери, со која во член 2 е предвидено дека за прием во членство на СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионери во општина во која нема формирано здружение, бројот на членовите треба да биде 2000, всушност се дерогираат Законот за здруженија и фондации и самиот Статут на СЗПМ. Имено, во член 4 од Статутот јасно и недвосмислено е уредено дека *во Сојузот може да се здружуваат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија, кои се регистрирани во Централен регистар и го прифаќаат Статутот и другите акти на Сојузот и ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Сојузот*. Дополонително на ова, во СЗПМ членуваат здруженија на пензиоери од повеќе општини во кои бројот на членови е недвосмислено помал од предвидениот со наведената Одлука од 2020 година, што самото по себе значи доведување во нееднаква положба на корисниците на правото на пензија, односно членовите на здруженијата кои веќе пристапиле кон СЗПМ и оние кои бараат да пристапат кон неа, а имаат значително поголем број членови од првоспоменатите. Ова пак повлекува неможност за ползување на низа права и погодности кои се достапни за членовите на здруженијата кои се членки на СЗПМ за разлика од оние кои не се нејзини членки и се одбивани да пристапат заради условот предвиден во споменатата Одлука.

Од овие причини, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

ПРЕПОРАКИ

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] да ги отстрани последиците настанати со донесувањето на Одлуката број 02-01/100-8 од 10.07.2020 година, а кои резултирале со директна дискриминација спрема [redacted] Одлуката да ја поништи и за истото да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење
2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] доследно да го применува член 4 од Статутот на Сојузот и на [redacted] да му овозможи остварување на законски утврдените права на еднаква основа со другите здруженија така што ќе изврши прием во членството на Здружението во Сојузот и за истотото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.
3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] во иднина да се воздржи од дејствија кои претставуваат било каков облик на дискриминација кон здруженијата кои се постојни членки на Сојузот, како и здруженија кои би поднеселе барање за членство во истиот.

[redacted] претставувано од претседател [redacted] од Скопје, треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
28.07.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од Дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
4. Архива на КСЗД